

# Светлина/ воздух

***Прилог кон изложбата на Ангелина Дамјановска Наумовска во Музејот на град Скопје, одржана овој месец.***

Светлината трепери во воздухот. Одблесокот од сивите згради се претвора во далечна реалност. Сето она што го гледаме пред нас грдо и темно одеднаш се облева со светлина, која се разградува и се трансформира. Белината сјае и блешти. Реминисценција на урбаното се пресликува на платната. Само формата укажува на некакви правила што се наметнати. Сето друго се занемарува. А, формата почнува да се претопува и разлева и да бледнее обвиена со светлина, чија игра во воздухот создава треперења што нè оддалечуваат од реалноста на предметното и нè носат некаде во некој меѓупростор; скриен меѓу стаклото на прозорецот и нас. Урбаните облици се губат и се растураат низ призмата на светлината и стаклото. Одблесокот е толку силен и бел што повеќе ништо не останува. И бојата и формата полека се губат и остануваме само ние, светлината што исфрла блескава белина, платното бело како и сè околу нас и спомените на она што некогаш беше реалност.

Воздухот станува бело усвитување и веќе ништо не е важно. Сè се потчинува на белината.

Сликите на Ангелина Дамјановска, бледи и правилно геометризирани, ги вградуваат во себе наметнатите геометриски правила, кои се губат и на сликите се трансформираат во нејасни пиктурални фрагменти, го кажуваат сето ова. А, кога ќе застанеме пред нив, се поставува прашањето: "Дали сме го пронашле тој меѓупростор како и авторката?"

**Наместо крај**

Ангелина Дамјановска Наумовска е родена во 1969 во Охрид. Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, сликарски оддел, во класата на професорот Танас Луловски. Магистрирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, отсек сликарство кај професорот Родољуб Анастасов. Ова ѝ е трета самостојна изложба.

Нада ПЕШЕВА